**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 12-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Илија Китаноски, Стојан Андов, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Али Ахмети, Теута Арифи, Линдита Ќазими, Фијат Цаноски, Љубисав Иванов Ѕинго, Андреј Жерновски, Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Јован Манасијевски, Ѓорѓи Оровчанец, Ермира Мехмети, Станка Анастасова, Миле Андов, Весна Бендевска Владо Бучковски, Славица Грковска-Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугаревски, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да преминеме понатаму, предлагам согласно Деловникот да немаме пауза од 14,00 до 15,00 часот, да работиме без пауза до 18,00 часот, со оглед на тоа што седницата почна подоцна.

Согласно Деловникот Собранието мора да одлучи за тој предлог.

Предлогот го ставам на гласање, да продолжиме да работиме без пауза до 18,00 часот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, од нив за гласале 58, воздржано никој, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот вкупно гласале 59 пратеници, од нив 58 гласале за, 1 против.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на пратеници во салата).

Во салата се присутни 67 пратеници.

Гласањето е полноважно.

Продолжуваме со работа.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони и Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Предлозите на законите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие закони да се донест по итна постапка.

Има збор заменикот министер за економија, повелете.

**Киро Спанџев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Овој закон е една од обврските за исполнување на осум критериуми за добивање дата за преговори, каде има една позиција за исполнување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и е поврзано со можноста да се даде оценка при оценката во септември, да се даде овој закон на увид за да можеме да добиеме позитивни поени.

Исто така, се вршат некои усогласувања за подобрување на условите во слободните економски зони што се многу битни временски за инвестирање на странски инвестиции.

Вториот закон, тоа е Законот за енергетика е исто така по итна постапка, затоа што овој закон сакаме да влезе во извештајот на Европската комисија во септември и има некои обврски од поткомитетите што се одржаа во Брисел, од европските комисии за исполнување на некои обврски. Исто така поврзан е и со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, каде имаме обврска кон енергетската заедница, каде сме членови и либерализацијата почнува од 2008 година. Така што веќе доцниме со некои обврски што ги преземаме.

Поради тоа е добро да се донесат што побрзо. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 61, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 62 пратеници, од нив 61 гласаа за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 66, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 67 пратеници, од нив 66 гласаа за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постпка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постпака.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Измените што се предлагаат на Законот за експропријација со Предлог на закон, што е доставен до Парламентот, треба да се разгледа по итна постапка, затоа што е поврзан со измените во Законот за енергетика, што претходно беа образложени од заменикот министер за економија. Овие два закони или овие две измени одат заедно.

Од тука е потребно Собранието на Република Македонија, заедно со измените и дополнувањата на Законот за енергетика, да ги разгледа предложените измени и дополнувања на Законот за експропријација.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 67, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на Владата вкупно гласаа 68 пратеници, од нив 67 гласаа за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Светлана Јакимовска и Благородна Дулиќ предлагаат по итна постпка да се донесе Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Предлогот ви е поделен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи оправданоста овој Деловник да се донесе по итна постапка.

Има збор госпоѓа Јакимовска Светлана, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Предлагачите, јас и колешката Дулиќ побаравме овој Деловник да се стави на денешната седница на Собранието на Република Македонија и тоа од неколку причини.

Имено, познато е дека повеќе од година и половина Собранието во Република Македонија расправаше за тоа дека е потребно да се донесе нов Деловник. Носењето на нов Деловник произлегува од сите пратенички групи во Парламентот во претходниот состав.

Понатаму, носењето на овој деловник е предизвикано од констатирање на повеќе недоречености во постојниот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Собранието, во претходниот состав направи неколку обиди, работни групи и ја изготви онаа верзија што во моментов ја имаме сега пред нас. Но, сепак не дојде до негово донесување.

Еден од најбитните моменти зошто се предлага донесување на овој деловник е опфатено во осумте бенџ - маркови што Република Македонија е обврзана да ги исполни. Во еден од нив е токму тоа, донесување на Деловник за работа на Собранието на Република Македонија.

Од тие причини предлагаме оваа точка да се разгледа на денешната седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците, овој Деловник да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа 66, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот на пратениците вкупно гласаа 67 пратеници, од нив 66 гласаа за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за седницава го предлагам, следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација;

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика;

4. Предлог на Деловник на Собрнаието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го става на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од нив за Предлогот гласаа 70, воздржани нема, против 1 пратеник.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 71 пратеник, од нив 70 гласаа за, нема воздржани 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално збор побара госпоѓа Јакимовска Светлана, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Предлагам точката 4 од предлогот што вие го дадовте за денешнава седница, односно Предлогот за донесување на Деловник на Собранието на Република Македонија да биде прва точка на денешната седница.

За ова барам поддршка од колегите пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има 10 пратеници, благодарам.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, од нив за гласаа 62, воздржани 1 пратеник, против 2 пратеници.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Дали има некој против? (Нема)

По предлогот гласаа вкупно 65 пратеници, од нив 62 гласаа за, воздржани 1, против 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на Деловник на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Деловникот ви е поделен.

Ве известувам дека согласно член 66, став 4 од Уставот на Република Македонија Деловникот на Собранието на Република Македонија се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници.

Господинот Тахир Хани се јавни процедурално или за збор?

Процедурално има збор господин Хани Тахир, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во име на парламентарната група на ДУИ барам половина час пауза заради дополнителни консултации во однос на дневниот ред и мислам дека ќе се дозволи оваа пауза. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Продолжувме со работа.

Тука ја прекинуваме седницата.

Продолжуваме во 14,45 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 14,13 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,54 часот)

**Трајко Вељаноски:** Отворам претрес по Предлогот на Деловникот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Јас сакам да кажам дека е добро што конечно ќе донесеме Деловник за работа на Собранието, затоа што треба да се уреди подобро таа материја, да се регулираат времетраењето и начинот на дискусиите како и да се стимулира работењето на комисиите и добар дел од расправата да се пренесе таму. Поради тоа јас и бев подносител во една прилика на Предлог за измена и дополнување на Деловникот на Собранието, со кое што предлагав ограничување и регулирање на начинот и времетраењето на дискусиите на пратениците. За жал, тогаш добив неверојатна сума од неколку илјади амандмани, по што работата на Деловникот беше блокирана. Штета што од една техничка работа во која што треба сите со задоволство да учествуваме како пратеници се создаде една неверојатна ситуација. Значи јас ќе го подржам Деловникот, со тоа што имам забелешка на делот на употребата на јазикот за водење на комисиите. Така што на прашањето дали го подржувам

донесувањето на Деловникот ќе гласам за, а на второто прашање по тесктот ќе бидам воздржана. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 66 став 4 од Уставот на Република Македонија Деловникот на Собранието на Република Македонија се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Пред да го ставам Предлогот на Деловникот на гласање, ги повикувам службните да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата нема довоелн број на пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата има доволен број на пратеници за да преминеме на гласање.

Пред да преминеме на гласање за процедурално се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам претседателе, почитувани пратеници, почитувани присутни.

Ние како парламентарна група ќе ја подржиме новата верзија на Предлог Деловникот. Го подржуваме од причина што и порано и сега нагласивме и повторно ќе го нагласиме тоа дека секогаш сме биле за тоа Собранието да биде поефикасно и да се носат закони се разбира во согласност со барањата кои ни се поставени и ги поставуваат постојано од Европската унија. Ние цениме дека донесувањето на новиот Деловник значи исполнување на обврски кои нашата земја треба да ги исполни за да добиеме покана за преговори со Европската унија. Истовремено велам дека одлуката која е донесена порано во 2002 година во Комисијата за мандатно имунитетни прашања во однос на употребата на албанскиот јазик во Собранието сме го оцениле и го цениме како нешто погрешно. Затоа ние ќе ја подржиме оваа верзија каде се прецизира, каде во суштина останува истата формулација за употребата на јазиците. Велам, ќе го подржиме Деловникот, бидјеки во иднина, во блиска иднина очекуваме да се донесе и законот за употребата на јазиците во Република Македонија. Сигурно дека ќе бараме во Комисијата за мандатно имунитетни прашања таа одлука да се укине, бидјеки цениме дека е погрешна. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Деловникот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник. Сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Валдата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на Деловникот со кревање на рака.

Кој е за, Предлогот молам, да крене рака? (Никој)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали има некој против? (Нема).

По Предлогот на Деловникот вкупно гласаа 71 пратеник, сите 71 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Деловникот на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ратко Димитровски, Ванчо Коцев, Јован Гинев и Миле Пачемски поднесоа амандмани на член 3 за менување на став 6, член 4 на новиот член 4-а став 1 и за додавање нов став 7 по ставот 6 и на член 12 став 1 на новата точка 15 и на став 2 на новата алинеја 1 по кои Владата не се произнела.

Отворм претрес по амандманот на член 3 за менување на став 6, поднесен од пратениците Ратко Димитровски, Ванчо Коцев, Јован Гинев и Миле Пачемски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворма претрес по амандманот на член 4 на новиот член 4-а став 1 и за додавање нов став 7 по ставот 6, поднесен од пратениците Ратко Димитровски, Ванчо Коцев, Јован Гинев и Миле Пачемски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворм апретрес по амандманот на член 12 став 1, на новата точка 15 и на став 2 на новата алинеја 1, поднесен од пратениците Ратко Димитровски, Ванчо Коцев, Јован Гинев и Миле Пачемски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за економија.

**Киро Спанџев:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за економија Киро Спанџев.

**Киро Спанџев:** Благодарма претседателе.

Само накратко да кажам кои се новините во овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Во Законот за технолошки индустриски развојни зони се уредуваат прашањата за основањето и работењето на технолошки индустриските зони, како и погодноста за инвеститорите. Измените и дополнувањата на Законот се предлагаат во основа поради доуредување на одделни прашања со европското законодавство, како и подобрување на одделни решенија од постојниот Закон кој имаше одделни потешкотии во примената во праксата. Воглавно измените накратко се содржат во следното. Попрецизно се дефинираат одредени поими во почетокот на законот кој што е предложен како измена. Понатаму, дефинирање на државната помош, регионален начин на доделување, евиденција и услови при доделувањето на државната помош, усогласување со Законот за државна помош. Тоа е обврска при разговорите со Европската комисија. Понатаму, како новитет се дефинирањето на бенефициите во зоната . И до сега имаше бенефиции, но сега попрецизно се кажува дека ослободување на 10 години од данокот на добивка и ослободување на 50% на персоналниот данок од платите на вработените до 5 години. Новина исто така е помошта за обука и усовршување на корисникот на зоната се доделува помош за усовршување на работниците и тоа се селектира спрема инвестициите, значи големината на инвестициите и бројот на вработувањата. Дефинирање на учеството на Владата на трошоци за изградба на градежни објекти во висина од 500 илјади евра кои што до сега беа евидентирани, меѓутоа сега се прави градација исто така во зависност од инвестициите и од вработувањата ќе се доделуваат овие средства. Земјиште за основање на зоната се доделува на 99 години во согласност со Законот за градба. До сега беа 50 плус 25 години. Во условите на постапката за остварување на даночно ослободување и олеснување се укинува обврската 80% од производите да одат надвор од државата. Исто така, се дефинира царинската стапка за опрема во технолошки индустриските развојни зони. Царинската стока која се користи во зоната, а е наменета за вршење на дејност во зоната, не подлежи на плаќање на увозни давачки пропишани со Законот за царинска тарифа и оваа одредба ќе важи се до влегувањето во Европската унија, а потоа ќе биде укината. Воглавно тие се измените што ги предлагаме и му предлагаме на Собранието да ги прифати.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата, нормално добро е што се предлага да се измени Законот за технолошки индустриски развојни зони, затоа што уште во моментот кога се усвои тој Закон, јас помислив дека преку основањето, односно отворањето,или пак создавањето на ваквите развојни зони, со тоа се влијае врз развојот на економијата и стопанството во земјата, се разбира преку стимулација, или привлекување на странски инвестиции на директен начин. Порано сум истакнувал и пак ќе повторам дека токму отварањето, или пак создавањето на овие слободни индустриски зони од технолошки карактер влијаело Полска да биде таму каде што е сега, затоа што сите знаеме дека во Полска има околу 28 слободни индустриски, или технолошки индустриски зони. Вистината е дека преку овие промени се предвидуваат некои олеснувања кои што олеснувања се разбира постоеле некои од нив порано,олеснувања кои што се во однос на даночни олеснувања како од аспект на данок на добивка, или на персонален данок, или пак олеснувања во смисла на оданочување со данок на додадена вредност, во однос на прометот на стоки и услуги во овие зони. Сепак, тоа што мене повеќе ме инспирира да земам збор за што дирекно ќе го критикувам предлагачот е дека текстот на овој закон, или пак терминологијата која што се користи во законот е во директна спротивставеност со неколку закони кои што се составен дел на нашиот систем. Првенствено никогаш не сум се согласувал и нема да се согласам ние да усвојуваме,или да донесуваме закони кои што според содржината, текстот, ќе бидат во директна колизија со нормите на некои други закони.

Господине предлагач од Министерството за економија, претпријатијата не се субјекти на правото кај нас. Вие до колку внимателно го анализирате текстот, овој поим го користите и од економски и од правен аспект. Говорите на неколку места, или во неколку делови од текстот за овој поим, заборавајќи дека до 1996 година претпријатијата биле субјекти на правото. По 1996 година економските, стопанските субјекти се организирани во форма на трговски друштва и овој поим може да се користи само во економски, а не во правен аспект. Додека вие во овој Предлог претпријатијата ги третирате како субјекти на правото, нешто што е погрешно. Говорите повеќе за средни и мали претпријатија, нешто што е во непосредна колизија со одредбите на Законот за трговски друштва, Законот за сметководство и т.н. Ќе ви кажам уште едно друго прашање за кое што ценам дека е во дирекна колизија со терминологијата која што се употребува во другите закони. Во членот 4-а говорите за нематеријални средства како што е лиценцата, патентирањето и т.н. Иако тука не се говори за нематеријални средства, туку се говори за права кои што ние ги третираме како права од индустриска сопственост, или пак лиценцата не припаѓа во таа група на права. Меѓутоа, се говори

за вид на договор, или спогодба преку која се пренесуваат овластувањата за користењето на патентот и т.н., или тоа што повеќе ме инспирираше да земам збор е тоа што вие говорите за непатентиран, тоа е членот 4-а, алинеја 1. Значи, до колку внимателно се анализира член 1 точка 12, говорите за непатентирани технички познавања. И уште еднаш ќе повторам, нохау со технички познавања има разлика. Затоа мојата сугестија е во иднина кога ќе предлагате предлог текстови, ве молам барем од терминолошки аспект да внимавате, затоа што сепак, терминологијата има голема тежина. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника. Сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Никој)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Дали има некој против? (Никој)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив сите 67 пратеници гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници,

Како што објаснив во образложението за итноста на законот, измените што се предлагаат се првенствено поврзани со предложените измени и дополни на Законот за енергетика. Има и некои други кои ќе ги образложам во продолжение.

Согласно Законот за енергетика односите во сферата на енергетиката и дејностите на електрична енергија и пренос на природен гас и управување со системите за пренос на електрична енергија, односно природен гас се дејности од јавен интерес и истите ги вршат јавни претпријатија односно акционерски друштва основани од Владата на Република Македонија. При ова, вршителот на овие дејности, кој е носител на лиценца, истовремено е и сопственик на системот за пренос на електрична енергија и пренос на природен гас.

Почитувани, Уставниот суд на Република Македонија на 15.03. со Одлука број 47/07 одлучи дека не може повеќе да постои монополска положба во вршењето на дејностите од сферата на пренос на електрична енергија и пренос на природен гас. Значи покрај јавните претпријатија и акционерски друштва од страна на државата, нив можат да ги вршат и други субјекти кои не се во доминантна државна сопственост.

Измените кои се предлагаат и во двата закона се насочени кон усогласување со Одлуката на Уставниот суд која ја цитирав.

Сега, при ваква состојба кога Уствaниот суд упатува на конкуренција или потреба на постоење на конкуренција и во преносот на електрична енергија и природен гас, дејности кои самите по себе се јавен интерес, а од друга страна се окарактеризирани како природен монопол, а тоа се дејности каде што заради потребата од огромни инфраструктурни вложувања и непречено одвивање на дејноста, најчесто во практиката се сретнува еден субјект да ја извршува дејноста. Значи, при ваквата состојба може да се создаде ситуација еден субјект да биде носител на лиценца, доколку дојде до промена на носителот на лиценца, а друг субјект е сопственик на системот за пренос на електрична енергија и пренос на природен гас.

За да не дојде до нарушување на јавниот интерес, односно до застој во снабдувањето со природен гас или електрична енергија, неминовно се налага потреба од промена на носителот на правото на сопственост на системите, а во функција на нивно користење.

Предлогот на законот за измени и дополнување на Законот за енергетика регулира дека сопственикот на системот и новиот носител на лиценца да можат договорно да ги уредат имотно-правните односи, вклучувајќи ја и сопственоста на системот. Во спротивно, овој закон, Законот за енергетика упатува на Законот за експропријација односно да може да се изврши експропријација на системот на електрична енергија, односно за пренос на природен гас.

Поради ова, со членот 1 од Предлогот на законот за екпропријација се овозможува правна основа да може да се врши експропријација на објекти, постројки и водови за пренос на електрична енергија односно природен гас за вршење на дејности од јавен интерес утврден со закон. Со тоа ќе се обезбеди континуирано и непречно вршење на дејностите на електрична енергија и природен гас.

Почитувани, сакам да ве уверам дека овие измени што се предлагаат во Законот за експропријација се во согласност со Уставот на

Република Македонија и другите закони и прописи, дека воопшто не задираат во правото на сопственост секаде онаму каде се почитува јавниот интерес и нема да значат за ниту еден степен поместување во гарантирањето на правата на сопственост во Република Македонија.

За да нема забуна, кога се спомнува електричната енергија, да упатам затоа што тоа често и до сега се мешало во практиката дека измените се однесуваат на преносот на електрична енергија, кој што во моментот кај нас го извршува Јавното претпријатие МЕПСО, дистрибуцијата на електрична енергија е приватизирана во Република Македонија и неа ја врши акционерско друштво.

Сега накратко да се осврнам на некои други конкретни измени со Предлогот на законот за експропријација. Значаен сегмент за реализирање на инвестициите претставуваат имотно правните односи. Државата мора како и во секоја друга земја да создаде законски услови за што е можно поефикасно временско лимитирање на постапките околку обезбедување на условите за градба, односно за екпропријација. Во оваа функција, се предлага со Предлогот на законот за екпропријација во членот 3: Се врши менување на членот 19 од постојниот закон, со кој рокот на жалба се определува да изнесува 8 дена од денот на доставување на решението, а рокот за поднесување на тужба до Управниот суд да изнесува 15 дена од денот на доставување на решението, со тоа што тужбата да не го одлага извршувањето на второсепеното решение. Ова второто се однесува на тужба до Управниот суд.

Со членовите 4, 5 и 6 од Предлогот на законот се врши усогласување со член 3 од Предлог законот, со оглед на тоа што според членот 3 тужбата не го одлага извршувањето на второтстепеното решение односно влегување во владение на експроприраната недвижност се допушта по конечноста на решението за експропријација. Значи, органот за експропријација, а тоа е Управата за имотно правни работи како учесник во постапката, посредник по барање заинтересирана страна, посредува меѓу барателот за екпропријација и другата страна на која треба да се изврши екпропријација на имотот, одлучува во прв степен и доколку една од страните е незадоволна, може да поднесе во рок од 8 дена жалба до второстепената комисија за второстепена постапка. Комисијата одлучува. Тоа решение е конечно, овозможува влегување во владение, но доколку и понатаму страната која е предмет на екпропријација има право одредени свои права да остварува со тужба до Управниот суд.

Како што реков претходно, ќе нагласам уште еднаш ова значително треба да ја зголеми ефикасноста во решавање на имотноправните односи во Република Македонија, за да не дојдеме до состојби како во минатото, значајни инфраструктурни објекти било да се во урбаните јадра или надвор од населените места да не можат да се реализираат или да трпат во реализацијата низ долга низа години, заглавени во лавиринтите на правниот систем во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? Нема никој.

Дали има некој воздржан? Нема.

Кој е против? Никој.

По Прелогот на законот вкупно гласаа 67 пратеници, од нив сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за екпропријација.

**Минуваме на точка 4 - Прелог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза.

**Трајко Вељаноски:** Добро.

Ја прекинуваме седницата, продолжуваме во 16,00 часот.

(Пауза од 15,25 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,40 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Минуваме на на точката 4.

**Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отварам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор..

Во меѓувреме се јави господин Џемаили Хисен. Повелете.

**Хисен Џемаили:** Почитуван господине претседател, почитувани пратеници,

Дозволете на почетокот да истакнам дека парламентарната група на ДУИ во начело ќе го подржи овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика. Овој начелен став го засноваме врз промените што треба да се направат во однос на либерализацијата на енергетскиот пазар во Република Македонија, промени кои што ќе бидат во потполна согласност со стандардите за енергетика на Европската унија.

Политичкиот став на ДУИ во секторот на енергетика е во целосна согласност со таргетот за енергетската заедница чија што потписничка и членка е и Република Македонија.

Исто така сакам да истакнам дека ние и во иднина ќе подржуваме и ќе се ангажираме да се реализираат сите реформи и обврски кои што произлегуваат од таргетот за енергетската заедница стандарди кои што се дел од Европската унија кои што всушност е и наше цел и тежнеење, значи кон Европа.

Уште еднаш сакам да повторам дека парламентарната група на ДУИ ќе подржи секаква реформа која што е во однос на енергетскиот сектор, реформи кои што без сомнение ќе бидат во интерес на граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеника. Сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 67 пратеника, од нив за гласаа сите 67, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам дванаесетта седница на Собранието на Република Македонија. Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 16,44 часот)